**ЗАПИСНИК**

**од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 07.10.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Арбен Саити, Маја Дамевска, Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Дејан Георгиевски од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, во однос на дневниот ред, најави дека ќе се разгледуваат две точки под Разно, со наслови: Предлог за давање одобрување за донесување на Одлука за пристап на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Македонија" и Барање од Љуљзим Хазири, член на Привремената комисија за следење на медиумското претставување.

Г-дин Фиданоски, побара под Разно да се стави уште една точка или пак Стручната служба да подготви информација за следната седница, во врска со она што сега во јавноста е актуелно, околу авторските права за музички изведби, односно спорот со ЗАМП и Министерството за култура. Според него АААВМУ на некој начин е засегната со овие случувања и побара да добие информација кои чекори би ги презела Агенцијата или кои евентуално ги презела по тоа прашање.

Г-дин Трајчев, праша дали ќе се дискутира по неа или ќе се побара Стручната служба да подготви информација?

Г-дин Петрушевски, го прифати барањето на г-дин Фиданоски да се додаде и таа точка под Разно. При тоа објасни дека нема подготвено никаква информација, само ќе се дискутира по барање на членот на Советот.

Советот на Агенцијата, со предложените точки под Разно, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.09.2016 година.
2. Предлог за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

3. Предлог за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
4. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата, го разгледа и едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои Записникот од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 23.09.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, го образложи Предлогот за запирање на покрената постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија КОБРА ДОО Радовиш. Објасни дека законскиот рок за плаќање на фактурата беше до 21.09.2016 година, во кој рок радиодифузерот не го платил во целост годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, односно во кој рок извршил само делумна уплата. Советот на Агенцијата на 33-та седница одржана на ден 23.09.2016 година, покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, бр.08-989 од 26.08.2015 година. Во меѓувреме радиодифузерот, извршил целосна уплата, со што годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување го платил во целост.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-485 од 05.10.2016 година и едногласно донесе Решение за запирање на покрenатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КОБРА ДОО Радовиш, бр.08-989 од 26.08.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 271.114,00 (двестеседумдесетиеднаилјадаистоичетиринаесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Раководителката на Одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, детално го образложи предлогот за изменување и дополнување на Годишниот план на Агенцијата за јавни набавки во 2016 година.

Г-дин Петрушевски, во врска со точката додаде свое објаснување во делот за набавката за антивирус. Објасни дека лично вчера и денес проверувал на сајтот на Бирото за јавни набавки и нашол четири јавни набавки каде овој тип набавка поминувала како услуга. Се работи за специфична набавка која доколку не се реализира, ќе има проблем со безбедноста на компјутерската мрежа. Последните години има дискусии на меѓународно ниво дали антивирусната заштита претставува стока или услуга. Доколку се земе во предвид дека не се купува изворниот код, туку се отстапува на одредено време да врши заштита, во тој поглед е услуга. Тие кодови на

заштита се добиваат преку интернет на електронска пошта, што укажува дека треба да биде услуга. Го поздравува предлогот за набавката - услуга и го поддржува.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-4739/1 од 05.10.2016 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2016 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, со измена и дополнување бр.05-706/1 од 05.02.2016 година, бр.05-706/2 од 29.03.2016 година и бр.03-706/3 од 30.05.2016 година, со текст како што беше предложен.

Согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, потребно е во постојниот Годишен план за јавни набавки во 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, со измена и дополнување бр.05-706/1 од 05.02.2016 година, бр.05-706/2 од 29.03.2016 година и бр.03-706/3 од 30.05.2016 година, да се извршат следните измени и дополнувања:

- поради потребата од обезбедување на гориво - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) за агрегатот кој обезбедува напојување со електрична енергија на објектот во кој е сместено седиштето на Агенцијата во случај кога нема напојување од редовната електрична мрежа, а со цел за непречена работа на уредите во Агенцијата, во Глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, точката 6. "Горива за службените моторни возила на Агенцијата", ќе се преименува како "Горива за потребите на Агенцијата". Оваа постапка за јавна набавка се планира да се започне/спроведе во месец октомври оваа година, поради тоа што важноста на постојниот договор за оваа набавка истекува на 03.12.2016 година;

- набавката "Анти-вирус за потребите на Агенцијата", од Глава I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, точка 16, СЕ БРИШЕ.

Се планира оваа јавна набавка да се спроведе на почетокот на наредната година во рамките на Годишниот план за јавни набавки за 2017 година, како услуга. Со цел да се добие поквалитетна, побезбедна и поекономична заштита, се предлага да се спроведе за временски период од 2 (две) години; и

- Во Глава III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи по ставка 1 се додава нова набавка, ставка број 2 – Затворање на отворени делови од влез во гаража (со лексан со потконструкција од метални профили), со цел да се обезбеди заштита на објектот во кој е сместено седиштето на Агенцијата од продирање на вода во случај на поројни дождови во гаражите лоцирани на ниво -1 и -2.

Следствено на сето погоре наведено, неопходно е постојниот Годишен план за јавни набавки во 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, со измена и дополнување бр.05-706/1 од 05.02.2016 година, бр.05-706/2 од 29.03.2016 година и бр.03-706/3 од 30.05.2016 година, да се измени и дополни на следниот начин, и тоа:

- Во Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, се менува предметот на точката 6 која гласи:

Точка 6. Горива за службените моторни возила на Агенцијата

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка / рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Горива за службените моторни возила на Агенцијата | | септември / октомври | Постапка со барање за прибирање понуди | 400.000,00 денари |

Се менува на следниот начин, и ќе гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Горива за потребите на Агенцијата | | октомври/ ноември | Постапка со барање за прибирање понуди | 400.000,00 денари |

- Во Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, се брише точката 16 која гласи:

Точка16. Анти вирус за потребите на Агенцијата

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка / рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 16. | Анти вирус за потребите на Агенцијата | | август 2016 | Постапка со барање за прибирање понуди | 67.800,00 денари |

- Во Главата III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи, по точката 1, се додава нова точка 2 која ќе гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Затворање на отворени делови од влез во гаража (со лексан со потконструкција од метални профили) | | октомври/ ноември | Постапка со барање за прибирање понуди | 90.000,00 |

За напред предложеното изменување и дополнување на постојниот Годишен план за јавни набавки во 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година, со измена и дополнување бр.05-706/1 од 05.02.2016 година, бр.05-706/2 од 29.03.2016 година и бр.03-706/3 од 30.05.2016 година, средствата

во целост се обезбедени со ребаланс на Финансискиот план за 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, спроведен со Одлука бр.05-4260/1од 01.09.2016 година донесена на 30-та седница одржана на 01.09.2016 година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да изготви пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2016 година.

**Точка 4**
**Разно**

- Г-дин Петрушевски, во врска со барањето доставено од Љуљзим Хазири, потсети дека членовите на Советот за дискусија на оваа тема потрошиле поголем дел од времето на минатата седница. Објасни дека неговите пресметки за финансискиот износ на барањето се потврдиле, така да за тие 10 дена што доаѓал на состаноци во Агенцијата, бара надомест од 37.445,00 денари. Тогаш кажал, сега повторува дека Законот не дозволува можност да му се исплатат средства за патни трошоци. Претпоставува дека тоа е став и на Директорот на Агенцијата и на Стручната служба. Побара Советот да заземе став по ова прашање и најави дека тој лично нема да го поддржи барањето.

Советот на Агенцијата со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од членовите на Советот, д-р Милаим Фетаи и Селвер Ајдини, одлучи да му се испрати Известување на членот на Привремената комисија за следење на медиумското претставување Љуљзим Хазири, дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не е во можност да ги обезбеди бараните трошоци.

Согласно член 196-ж од Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на членовите на Привремената комисија за следење на медиумското претставување, ќе обезбеди просторни, технички и финансиски услови за работа и согласно Одлуката бр.05-4275/1 од 01.09.2016 година на членовите на Привремената комисија за следење на медиумското претставување, се утврди правото на месечен надоместок и другите трошоци (користење на: работни простории, службен мобилен телефон, преносен компјутер (лаптоп) и канцелариски материјали).

Г-дин Јанчески, поради најавени работни обврски ја напушти седницата.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4622/2 од 05.10.2016 година и со 6 гласа „за“, (г-дин Јанчески беше отсутен во моментот на гласање), даде одобрение за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да се обнови пристапот на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Македонија“, за 2 (два) кориснички пристапи, за период од 12 (дванаесет) месеци, во износ од 27.000,00 денари, со пресметан ДДВ 18%.

Износот на средствата за пристап на електронската база на прописи на „Службен весник на Република Македонија“, е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година.

- Г-дин Фиданоски, во врска со забраната од ЗАМП за емитување музика од македонски автори, рече дека сега се сведоци на таа тема, бидејќи неколку дена не се емитува македонска музика, музика од македонски автори, ниту пак од српски, а најава има дека ќе стартува забрана и за емитување на музика од црногорски и словенски автори на територија на Република Македонија. Проблемот од ден на ден се усложнува наместо да се разрешува. Од тие причини го поставува ова барање, за да се има одредена информација, бидејќи Агенцијата е во еден дел од Законот засегната, обврската на радиодифузерите да имаат определен процент на емитувана домашна музика. Побарал, доколку е во можност на првата наредна седница, Стручната служба да подготви информација за тоа кои се чекорите на Агенцијата што би ги презела. Според него треба да се покаже максимална флексибилност кон радиодифузерите, тие се во една непријатна ситуација, од една страна имаат обврска кон ЗААВМУ да исполнат определена квота, од друга страна им се закануваат кривични пријави доколку емитуваат музика од македонски автори, а при тоа не се регулирани сите тие релации кои што се на едно друго ниво, каде АААВМУ не е директно вклучена, но е засегната.

Г-дин Трајчевски, рече дека Агенцијата законска надлежност за решавање на проблемот нема. Таа надлежност е на Министерството за култура. Информира дека имал неколку состаноци на кои присуствувале министерката за култура, министерката за информатичко општество и јавна администрација, претставници на ММА, претставници на кабелски оператори, но до овој момент не гледа дека има излез од оваа состојба туку и понатаму се комплицира, како на пример со вчерашните најави за забрана на црногорска и словенечка музика. Објасни дека како Агенција единствено што може да се направи во моментот е да планираните надзори што треба да се направат во првата недела од октомври да се одложат на крајот на октомври, а до тогаш се надева дека проблемот ќе се реши. Ни Стручната служба не може да даде други информации, бидејќи Агенцијата нема друга надлежност ниту пак е вклучена во решавање на проблемот, ниту Агенцијата издава дозвола на ЗАМП, ниту на СОКОЈ. Очекува што побрзо надминување на проблемот за да можат радиодифузерите да функционираат. Посебно е алармантен проблемот со радијата. Телевизиите може да емитуваат игран филм за да го покријат времето за музика или документарна програма, ќе го прекршат ЗААВМУ, меѓутоа ќе функционираат. Состојбата кај радијата е поинаква, посебно кај музичките и музичко-говорните кога не можат да емитуваат ништо друго во етерот освен музика. На крајот додаде дека најголем дел од информациите ги знаеме од медиумите и ништо повеќе не сме информирани.

Г-дин Петрушевски, во врска со она што г-дин Фиданоски го предложил за можната флексибилност, рече дека вчера или завчера прочитал не еден од интернет порталите дека сопственикот на РА Канал 77 го обвинува директорот Зоран Трајчевски, дека тој треба да реши ја работата, а не да повикува на флексибилност. Ова значи дека го повикува да почне да ги казнува радиодифузерите што дополнително оваа ситуација би се искомплицирала. Според него Советот на Агенцијата можеби би требало да заземе став по ова прашање како што заземала став за не мониторирање на интернет порталите за време на избори.

Г-дин Фиданоски, рече дека начелно е задоволен од одговорот на директорот, посебно со информацијата за пролонгирање на надзорот. Тоа го разбира како флексибилност од страна на Агенцијата во овој момент. Замоли за тековни информации за состојбата за да бидат во тек како членови на Советот. Што се однесува за изјави на конкретни сопственици на радиодифузери, рече дека тие не треба да ги коментираат, тие не се дел од ова тело и нивно право е како тие ќе се изјаснат.

Г-дин Фетаи, рече дека Агенцијата законски не е директно надлежна или инволвирана во сето ова. На индиректен начин е засегната бидејќи се работи за радиодифузерите. Објасни дека се солидарни и се загрижени поради таквите недоразбирања за позициите кои ги застапува ЗАМП, радијата се во неможност да ја исполнат законската обврска во поглед на програмата која ја емитуваат. Се солидаризира се со цел не само за радијата кои се оневозможени да емитуваат музика туку и за самата публика бидејќи е оштетена и им е скратена можноста да слушаат музика.

Подготвил: м-р Ружица Бошнакоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

Бр. 02-4731/6
21.10 2016 година
С к о п ј е

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ